# НИКОЛОВСКИ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ

# БОРИС НИКОЛОВСКИ

# ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА

МЕТАЛСКИ ЗАВОД ТИТО



Делата на БОРИС НИКОЛОВСКИ се присутни во нашата средина повеќе од две децении. Влијанието на историјата на македонскиот народ, на современите наши движења и на животот воопшто длабоко се чувствуваат во секоја негова творба. Презентирајќи го сето тоа на еден својствен јазик, истовремено се труди да им го доближи и на луѓето.

Голем број бисти и скулптури на Николовски се инспирирани од борбеното минато на македонскиот народ, и тие ги красат многуте паркови и плоштади во Републикава.

Николовски, меѓутоа, е свртен и кон модерните движења на современата скулптура. Сведочат за тоа бројни негови нефигуративни творби.

Но, ние немаме намера овде да го прикажеме и проценуваме творештвото на Борис Николовски. Наша задача е, во граници на можноста и накусо, да го расветлиме процесот на неговиот работен однос од идеја до реализација.

За да се изведе една скулптура во права „боја", односно во соодветна големина, изведбата бара извесна постапност. Идејата прво се изведува како „кроки", во намалена форма на идното право дело, и тоа во глина или гипс. Од ваквата изведбапотоа се преминува кон понатамошна конкретизација на делото. Постапноста од идеја до реализација на една скулптура е ограничена од повеќе фактори. Првата реализирана идеја е всушност намалена контура на правото дело и таа не содржи многу елементи и детали што ќе ги содржи вистинското дело. Потоа уметникот тоа го преработува во зголемена форма, но која е сеуште далеку, помала, од вистинската. Сепак тоа ново дело во себе ги содржи речиси сите елементи што не се обработени во намалената контура, а ќе ги содржи вистинската форма. Дури по овие подготвителни фази следи вистинската реализација на делото.

Основната концепција на делото веќе конкретизира од каква материја ќе се изведува скулптурата.

„Пред сé го почитувам материјалот и поаѓам од него. Го оставам во неговата убавина и формата ја правам во зависност од него. Најчесто го користам мермерот, но не ги изоставам и другите материјали. Жалам што не можев на изложбава да ви се претставам со некоја моја творба изведена во мермер. Концепцијата на изложбава тоа не ми го овозможи" — ни кажа Николовски непосредно пред нејзиното отворање.

## БОРИС НИКОЛОВСКИ

Роден 1935 во Прилеп. Академија за ликовни уметности завршил 1959 во Љубљана

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1968, 1969 и 1975 — Скопје. 1968 — Куманово

### ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1962 — Риека — II биенале на младите
1965 — Скопје — Скопје 63 низ ликовни творби
1966 — Скопје — Изложба на парковски скулптури
1967 — Скопје — Современа македонска скулптурт — млада генерација
1967 — Скопје — Современа македонска уметност — актуелни тенденции
1967 — Скопје — Аспекти на цртежот во Македонија
1968 — Скопје — Наше минато
1969 — Ферара — Современа македонска уметност
1969 — Прага и Брно — Современа македонска скулптура
1969 — Риска — V биенале на младите
1969 — Белград, Сарајево и Загреб — Современа македонска уемтност
1969 — Блед — Интернационални салон
1969 — Каиро — 1000 години на Каиро
1971/72 — Скопје — Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници
1972 — Скопје — Тенденција во македонската скулптура
1972 — Јаши и Пиетра Неамц — Современа македонска скулплура
1978 — Крапина — Меѓународен симпозиум

### ИЗВЕДЕНИ ДЕЛА

1962 — Прилеп — Бисти на народни херои
1964 — Валандово — Споменик
1968 — Скопје — Скулптура во слободен простор
1968 — Кочани — Споменик на Никола Карев
1977 — Прилепец — Споменик во Прилепец

### НАГРАДИ

1969 — Скопје — Откупена награда за споменикот во Крушево
1969 — Скопје — II нагдада за бистата на Мито Хаџи Василев — Јасмин
1969 — Скопје — III награда за споменикот на НОБ во Трновци
1977 — Скопје — I награда за скулптурата „Македонкаʼ

Адреса: Бл. Партизански одреди бр. 101/III-2 Скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 МАКЕДОНКА | гипс | 200 х 80 х 56 | 1979 |
| 2. БОРЦИ | гипс | 40 х 43 х 32 | 1978 |
| 3. Детаљ од "БОРЦИ" | гипс | 48 х 47 х 29 | 1978 |
| 4. НЕПОБЕДЕНИ | гипс | 47 х 19 х 17 | 1974 |
| 5. Детаљ на раце од "НЕПОБЕДЕНИ" | гипс | 53 х 85 х 27 | 1974 |
| 6. Скица за споменикот на НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ | гипс | 68 х 27 х 22 | 1973 |
| 7. Скица за споменикот на ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ I | гипс | 35 х 12 х 14 | 1968 |
| 8. Скица за споменикот на ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ II | гипс | 48 х 23 х 16 | 1968 |
| 9. Скица за споменикот БРАТСТВО ЕДИНСТВО | гипс | 63 х 30 х 24 | 1976 |
| 10. ТУТУНАР | гипс | 55 х 29 х 14 | 1975 |
| 11. Скица за фонтаната БИЉАНИНИ ИЗВОРИ | гипс | | 1975 |
| 12. Фрагменти од фонтаната БИЉАНА I, II и III | гипс | 13 х 30 х 26 | 1975 |
| 13. Скица за споменикот ПИЕТА | гипс | 20 х 18 х 13 | 1970 |
| 14. Фрагменти од скицата за споменикот вн Прилепеца | гипс | 34 х 18 х 13 | 1977 |

15. Идејни скици во теракота
16. Споменикот во прилепец
17. Фигура на ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ
18. КИРИЛ И МЕТОДИЈА
19. НЕПОБЕДЕНИ (варајанта I)
20. НИКОЛА КАРЕВ
21. Парковска склуптура во ЖЕЛЕЗАРА
22. Парковска склуптура I
23. Парковска склуптура II
24. МАРИОВКА
25. Идејно решеније за национален споменик I
26. Идејно решение за национален споменик II
27. Внатрешно уредување на простор I
28. Внатрешно уредување на простор II
29. Спомен одбележје I
30. Спомен одбележје II

